РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 30.12.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5351/1 | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 декември 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 30 декември 2024 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 15 ноември 2024 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-310 од 18.11.2024 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.11.2024 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 16 декември 2024 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил

извршената повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***